20261382012

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐ Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.4. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦИ

Член 1

Во Правилникот за лиценци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 40/26) во членот 3 по точката 25 буквата “g” се заменува со точка 26 која гласи:

“26. трговија на компримиран гас, течен гас и водород,”.

Член 2

Во членот 6, во ставот (2), во точката 1. зборот “или” се заменува со запирка.

По точката 1, се додава нова точка 2, која гласи:

“2. престанок на лиценцата и”.

Точката 2. станува точка 3.

Член 3

Во членот 10, во ставот (4), во точката 6. зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност“ се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Член 4

Во членот 22, во ставот (1), во точката 2. зборовите “ако врз носителот на лиценцата се применуваат одредбите за сопственичко раздвојување од Законот за енергетика*” се бришат.

Член 5

Во членот 24, во ставот (1) во точката 1. зборовите „на настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, како и” се бришат.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

“(2) Регулаторна комисија за енергетика донесува одлука за менување на лиценца по службена должност при настанувањето на промената на законите и другите прописи или правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата, во рокови утврдени во истите.

(3) Одлуката од став (2) на овој член се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а лиценцата се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика.”

Член 6

Во членот 32, во ставот (1), по точката 1. се додава нова точка 2. која гласи:

“2. продолжување на лиценца за пробна работа,”

Точките 2. и 3. стануваат точки 3. и 4.

Член 7

Во Прилогот 1, во Образецот БЛ 12, во точка 6, алинеја 1 зборовите “45.000 денари” се заменуваат со зборовите “60.000 денари, а ако барањето е за лиценца за складирање на електрична енергија од обновливи извори 45.000 денари”.

Во Образецот БЛ 15, во точка 7, во алинеја 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност“ се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Во Образецот БЛ 17, во точка 6, во алинеја 1 износот “45.000” се заменува со износот “60.000”.

Во алинејата 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност“ се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Во Образецот БЛ 18, во точка 7, во алинеја 1 износот “45.000” се заменува со износот “60.000”.

Во Образецот БЛ 22, во Делот 2. Менување поради зголемување или пренамена на капацитетите со кои се врши дејноста, во точка 2.2, во алинеја 1 по зборовите “складирање на електрична енергија” се додаваат зборовите “ако електричната енергија која се складира е од обновливи извори”.

Во Образецот БЛ 23, во точка 7, алинеја 1 се менува и гласи:

“доказ за платен паричен надоместок за отпочнување на постапката во висина од 60.000 денари, а ако барањето е за пренос на лиценца за производство на електрична енергија од обновливи извори, складирање на електрична енергија ако електричната енергија која се складира е од обновливи извори, производство на биометан или производство на водород ако е од обновливи извори 45.000 денари”.

Алинејата 3 се брише.

Алинеите 4, 5 и 6 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

Во алинејата 7 која ставува алинеја 6 зборовите “привремена забрана за вршење одделна дејност” се заменуваат со зборовите “забрана за вршење професија, дејност или должност”.

Алинеите 8, 9 и 10 стануваат алинеи 7, 8 и 9.

Во Образецот ИП, во Делот 3. Известување за промена во начинот на испорака на електрична енергија во електродистрибутивната или електропреносната мрежа во точка 3, се додава нова алинеја 2 која гласи:

“тековна состојба издадена од ЦР”.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Претседател,

**Ацо Ристов,** с.р.

Бр. 01-1030/1

19 јуни 2026 година

Скопје